


Можност да се приклучиш на тимот за валидирање на усогласеноста со Базелските принципи за ефикасно управување со податоците во НЛБ Групацијата (Group Independent Validation Function)

# Специјалист за усогласеност со BCBS 239 принципите

## Тим за валидација на усогласеност со BCBS 239 принципите на НЛБ Групација

Ги покануваме мотивираните поединци да се приклучат на тимот за валидирање на усогласеноста со Базелските принципи за ефикасно управување со податоците во НЛБ Групацијата (Group Independent Validation Function), кој го следи и подобрува усогласувањето со барањата на BCBS 239 во банките на НЛБ Групацијата.

**Улога во тимот:**

На оваа позиција, како дел од тимот, ќе бидеш одговорен за спроведување на целиот процес на валидирање на усогласеноста со Базелските принципи за ефективно агрегирање и известување на податоци за управување со ризици (BCBS 239) во НЛБ Групацијата. Твојата улога во тимот е да ги зајакнете валидационите контроли на комплексните пресметки и агрегирани податоци поврзани со известувањето во доменот на управување со ризици, како и финансиското и регулаторното известување, идентификација на евентуалните слабости и неусогласености со BCBS 239 принципите, како и на можностите за подобрување на квалитетот на податоците и ефикасноста на известувањето.

Во најголем дел, твојот придонес кон успешно извршување на задачите за кои е задолжен тимот за валидација ќе се состои во исполнување на работни задачи како што се:

- Годишно планирање на активностите на тимот за валидација
- Планирање, спроведување и известување за спроведените валидациони контроли во целата НЛБ групација
- Следење на реализацијата на издадените препораки од спроведените валидации
- Годишно известување за работењето на функцијата за валидација
- Останати консултативни активности со цел подобрување на системот на управување со податоци и известување во банките и на ниво на групацијата

Работење директно со Овластеното лице за управување со податоци на ниво на НЛБ Групација (Group Data Governance Officer) согласно воспоставената рамка за усогласеност со BCBS 239 која ги поставува насоката и пристапот за имплементирање на ефективна структура на процеси и контроли.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование од областа на бизнис, финансии, економија, или друга аналитички интензивна дисциплина.
- Минимум 5 години работно искуство во управување со податоци, управување со ризици, ревизија или усогласеност со прописи
- Како предност ќе се смета искуство и добро разбирање на принципите за управување со податоци, вклучувајќи контроли и управување
- Како предност ќе се смета познавање на банкарската дејност, политики, процеси, процедури и системи, особено поврзани со управување со податоци, ризици и известување
- Аналитички вештини за проценка на усогласеноста на сложените текови на податоци
- Одлични вештини за соработка и способност за работа со различни функционални и географски линии
- Способност за приоретизација и управување со повеќе задачи
- Одлично познавање на англиски јазик (писмен и говорен)
- Добри аналитички вештини и здраво расудување
- Тимски играч со добри интерперсонални и комуникациски вештини и способност за работа со соработници од различни функционални подрачја

Потврди го твојот интерес со доставување на кратка биографија (CV) најдоцна до **16.09.2024** на NLBKariera@nlb.mk со назнака за **Специјалист за усогласеност со BCBS 239 принципите.**

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

NLB Banka